**Интегрален коментар на професорката по право**

**Александра Деаноска-Трендафилова**

Во врска со измените на КЗ од септември, 2023 година, во одредбата од чл. 353 ст. 1 е избришан еден од основните облици на делото, а е тоа е искористувањето на службената положба или овластување, при што како дејствие на извршување се предвидени само пречекорувањето и неизвршувањето на службената положба) и пречекорувањето, што со право во праксата предизвика тешкотии во толкувањето и примената на оваа одредба. Се чини дека со право судиите имаат тенденција да одат во насока на строг правен позитивизам и рестриктивно толкување, односно стриктно почитување на начелото на законитост и толкување дека искористувањето всушност е декриминализиран облик на злоупотреба. Ова и од причина што кога во одредба за потежок облик се упатува на основното дело, по правило се зема дека, за да постои потешкиот облик треба да се преземени дејствијата на извршување од основниот облик (а тоа во случајот е став 1) плус предвидената последица односно квалификаторна околност (во случајов незаконско зголемување на имотот на сторителот). Сепак, не е јасно како ваква (номо)технички неисправна и нејасна одредба (покрај тоа што е суштински погрешна) ги поминала владините и собраниските филтри и каков воопшто како таква била предлог на министерството за правда.

Додавањето на намерата во битието на делото, што претставува субјективен елемент на објективното битие, што значи станува конститутивен елемент на делото, кој е неопходно да се докаже во постапката, дополнително го отежнува постапувањето на судот, па е и основа за укинување на неправосилните пресуди донесени пред законските измени и враќање на предметите на повторно одлучување.

Што се однесува до злоупотребата при јавни набавки, таа не е декриминализирана, затоа што не е избришана злоупотребата како дело, туку за ваквите дела е потребна преквалификација во некоја од одредбите за општото дело злоупотреба на службената положба и овластување. Значи, злоупотребата, со нејзините предвидени дејствија на извршување, останува да биде кривично дело без оглед дали е сторено во сферата на јавните набавки, здравството или некоја друга област.

Сето наведено е причина плус што поскоро да се изменат овие одредби кои со секој изминат ден во правна сила отвораат нови дилеми и оставаат простор за извршување нови коруптивни дела кои брзо ќе застаруваат.

Во поглед на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело, прашање кое често се јавува во правните дебати и расправи е тоа дали потребно претходното (предикатно) дело да е докажано како такво со правосилна пресуда. Идеално би било кога секогаш би било можно да се докаже претходното дело, но актуелната одредба од КЗ, како и европските и воопшто меѓународните инструменти и стандарди во оваа сфера, предвидуваат нешто друго. Имено, согласно чл. 273, ст. 10 предвидена е можност за гонење за перење пари и во случај кога постојат фактички или правни пречки за утврдување на претходното казниво дело и гонење на неговиот сторител, па во таков случај постоењето на такво дело се утврдува врз основа на

фактичките околности на случајот и постоењето на основано сомнение дека имотот е прибавен со такво дело. Пречки за гонење се, на пример, застареноста на кривичното гонење, амнестија, помилување и слично, но не и декриминализацијата, зошто кај декриминализацијата не се работи за пречка за гонење, туку едноставно нема казниво дело.